# Класификација на фестивали

## Еден преглед

Фестивалите од културата/уметноста кои постојат на тлото на екс- Југославија, поради својот разновиден карактер и фунција денес може да се поделат на неколку начини. Сепак, за поголема прегледност, ние ќе понудиме една класификација за која сметаме дека е валидна и под која може да се поведат сите фестивали. Преку оваа поделба не ги дефинираме целосно фестивалите (кои се дадени како пример), туку ги класифицираме преку нивната фунција која денес ја застапуваат. Имајќи во предвид дека има диссензус околу тоа што е култура во просторот на екс-Југославија, ние направивме попис на некои фестивали кои ги познаваме и кои сметаме дека се дел од широко дефинираниот културен простор. Подолу, неколку од нив подетално разгледуваме преку одредена призма која ја нудиме, но со ова сакаме да иницираме и останатите да се вклучат во процесот и да дадат свои видувања на темата.

- Државни-национално-репрезентативни – фестивали кои се стремат да ги претставaт културните достигнувања на национално ниво, и ги слават и вреднуваат уметничките достигнувања во „еснафот". Повеќето од овие фестивали постојат долго време и се начин да се стимулира продукцијата, соработката и да се вреднуваат успесите.

  (Стеријино позорје, Гибаница, Војдан Чернодрински, Ристо Шишков, Денови на македонска музика, Топол културен бран, Биенале на млади уметници)

- Креативни индустрии- Овие фестивали прес сè се интернационални и се профилираат како „бренд" (не само фестивалот, туку во одредени случаи и самите менаџери/селектори градат име-бренд преку фестивалите). Тие имаат економско влијание, односно имаат цел да прикажат дека културата остварува профит и на тој начин влијае на економскиот развој. Некои од овие фестивали се формирани како приватни компании, фирми, некои од нив се иницирани од државата, градот, а некои дури и од невладини организации. Овие фестивали го симулираат неолибералниот пазар, своите програми ги претставуваат како сензација и култура на престиж. Повеќето од нив и не можат да остварат профит во овој контекст, меѓутоа преку механизмите кои ги воспоставуваат тој станува нивна главна цел.

  Креативна индустрија денес можат да бидат оние уметности кои веќе имаат пробив на пазарот, и нивната функција е да го шират – но и ре-програмираат нудејќи нови предизвици и позиции за одредени сродни автори. Во Македонија се промовира политиката на поддршка на креативни индустрии, а системот не може да ја поддржи истата политика, со што таа станува имплицитна.

  (Скопски Јazz Фестивал, ОФФ ФЕСТ, Битеф, МОТ – Млад отворен театар, Охридско лето, Бемус, Белеф, Еуроказ, Скопски филмски фестивал, Манаки фестивал, Егзит, Таксират, Денови на танцот, Недела на танцот, Танц Фест).

- Самоорганизирани/НВО сектор

  Овие фестивали се формираат поради потреба да се формира и формулира простор кој недостасува, простор за соработка, експериментирање, иновација, проблемско мислење, рефлексија на контекстот и уметноста, промоција на нови – иновативни уметности. Овие фестивали се градат програмски и организациски со тимска работа, стимулираат нехиерархиски пристап- самоорганизација.

  (Акција/Фракција, Конденз, LocoMotion, Dispatch, Ring Ring, Перфорације, Фестивал Женск, Астер фест, БИМАС (Биенале на Архитектура), АКТО, Лица без маски, Фрик фест...)

- Европски фестивали – промоција на европските начела/приоритети

Класификација на фестивали ТАБАК 1/а
Класификација на фестивали ТАБАК 1/б
во создавање
издание

Овие фестивали се поддржани или формирани од ЕК и имаат за цел да промовираат една нова заедница – Европската.

(Синедејс, European Culture Capital, БЈЦЕМ (Биенале на млади уметници на Европа и медитеран).

Фестивалите кои во оваа пригода ќе ги разгледаме преку понудената перспектива се: МОТ (Младински отворен театар) формиран со цел да претставува нови, млади форми и да внесе свежина на театарската сцена, ЕГЗИТ и АЛАРМ - со цел да промовираат нови музички правци, да бидат излез од секојдневието, да претставуваат ексцес на сцената и Танц Фест – да ја претставува современоста во движењето, да промовира авторство- современ танц- да отвори простор кој недостасува.

Овие фестивали ги анализираме со цел да ги поставиме прашањата: која е нивната функција денес, дали таа има некаква улога во развој на културниот контекст, дали таа улога влијае на развој на зедницата, и која е потребата од овие фестивали?

СЛУЧАЈ #1: Танц Фест

Танц Фест е НВО иницијатива на Интерарт културен центар, формиран во 1996г. Сметаме дека основната идеја врз која е основан овој фестивал[1] (да се пратат светските тенденции во развојот на современиот танц, да се пласира македонската современа танцова сцена надвор, да се развива нова, млада публика, да се внесе публиката во процесот на развојот на современиот танц итн.) не е во релација со она што овој фестивал денес го изведува, односно неговиот потенцијал е актуелизиран во форма на продолжување на постоечката институционална матрица.

Иако целта на една здружена група на граѓани треба да биде „ослободување" простор каде што ќе може да се следат и прикажуваат тековите на современиот танц, да се поддржуваат нови здружувања, продукции, публика, да понуди „другост" во културниот простор, овој фестивал напротив, станува „витрина" на балетски ансамбли, трупи, институции, амбасадори, политичари и поддршка на официјалната државна културна политика. Сето тоа промовира вредности кои градат лажен, нереферентен контекст во кој не може да се прати развојот на современата танцова уметност иако тоа е една од неговите цели. Оваа витрина „заробува" простор каде се промовира престиж, се симулира елитна култура и претставува смотра на ансамбли кои не се референтни за она што се случува во полето на современиот танц во Европа и светот денес.

Увидуваме дека одредени механизми[2] (дел од промотивните на креативните индустрии) се преземени и се аплицираат во современиот уметнички, културен македонски простор, но истите не кореспондираат со него и продуцираат фантазми, а не реалности.

Овој фестивал може да се гледа и како пример за „приватно-нарачана слобода" односно простор кој е побаран или инициран да се докаже, прикаже дека авторот може да твори, иницира, корелира и да ја застапува заедницата и потребите на заедницата (современа танцова- што дури може да се каже дека не постои во Македонија), но во исто време таа слобода се користи да се спроведуваат и воведуваат механизми преку кои тој простор ќе се хегемонизира.

Потребата од овој вид на фестивал во Македонија се јавува како резултат на недостаток на театар со модерен танцов репертоар, кој работи на проширување на прегледот на уметничките продукции. Но, дали и на кој начин оваа фестивалска концепција тоа го исполнува? На овогодинешниот фестивал се претстави Академијата за танц од Ротердам, Игор Киров (македонски кореограф кој работи во странство) и Државниот Балетски училишен центар од Скопје. Минатата година исто така беше претставена Академијата за танц од Ротердам, балетот од Косово и државната опера и балет од Истанбул, а во претходните години се претставија Бели театар, Ст. Петербург, Русија, Националниот Балет од Љубљана, Словенија, и трупата Галили танц, Холандија. Програмата на овој фестивал не кореспондира со идејата да се следат светските тенденции во развојот на современиот танц,

1// Претставени на нивната веб страна (http://dancefestskopje.com.mk)

2// Протокол на елитизирање- промовирање на креативност со црвени теписи, тоалети, говори, награди, голема промоција, реклама, помпа, ревијалност...

а и е спротивна на она кое ние сакаме да го потенцираме и увидиме, прашаме – дали овој фестивал е простор во кој ќе се согледува, прати и испитува она што не доволно е застапено на македонската сцена - современиот танц? Фестивалската програма и функција е надополнување на матрицата на традиционалните театарски, балетски институции[3] кои веќе ја обавуваат функцијата - претставување на национални театри, балети, соработка со кореографи кои припаѓаат на ваквите институции. Овој фестивал не нуди другост, новини, а со тоа и не претставува ексцес – што е една базичните функции на фестивалите воопшто.

Сепак, тоа не значи дека не придонесува за збогатување на содржините од областа на културата, особено во еден контекст, каков што е македонскиот, каде што навистина понудата како и потребите се на многу ниско рамниште. И во овој контекст, можеме да забележиме дека споменатиот фестивал е вклопен во веќе постоечките модели на фестивалската презентација, кои соодветствуваат на институционалната, државна политика во областа на културата. Овој фестивал уредно ја следи, без обид за деконструкција и редефинирање на онаа читачка постапка на културата на спектаклот која е позната и прифатлива за мнозинството.

СЛУЧАЈ #2: <u>Млад отворен театар (МОТ)</u>

Интернационалниот фестивал Млад отворен театар (МОТ), за прв пат го организира Младинскиот културен центар во мај, 1976 година. Отворањето се одбележа со претставата на Театарската дружина „Драмско студио Пруфкок” во режија на Едвина Дорман.

МОТ презентира и овозможува разменување - циркулирање на млада, свежа, експериментална, авангардна театарска енергија и искуство меѓу учесниците и меѓу посетителите на театарските претстави.

3// Минатата година на сцената на Балетот во Македонија се поставија два кратки модерни балети со кореографот Рафаел Бјанко (Италија), се оствари соработка и се постави претстава Радиатор во кореографија на Артур Кугелајн (Швајцарија), се продуцираа претстави на кореографката Саша Ефтимова, а најавуваат проширување на модерниот репертоар и гостувања.



Секоја фестивалска година е одбележана со одредено мото во чија согласност се прави селекцијата на фестивалот.

На МОТ учествуваат театарски групи, театри, самостојни театарски уметници од над 50 земји од Европа и од светот.[4]

Според она што е наведено во истражувањата на Институтот за театрологија, трите главни пункта кои ја означуваат суштината на овој фестивал се младите автори, експерименталноста и отвореноста на соработка која се создава во текот на неговото фестивалско живеење.

Потребата за имплементирање на фестивал кој ќе ја презентира младата творечка енергија и актуелното, каде ќе има интеракција и дружење, размена на идеи и концепти и каде ќе се креираат нови, млади форми кои ќе внесат свежина на театарската сцена и ќе ги најават новите протагонисти на сцената, во средина каква што била СФР Југославија во седумдесетите години на минатиот век, јасно ја одбележува тогашната политика- слободен простор – слободна држава.

Основната идеја е на што е можно повеќе автори подеднакво да им се овозможи простор каде ќе се изразуваат. Па, така, формирајќи го својот државен арсенал според принципите „еднакво за сите” на чија основа се формулираше и развиваше културното живеење, се формирал и МОТ, и тоа во Скопје, кој како главен град морал да ги има „сите бенефиции на цивилизираниот свет”.

И после триесетина години, фестивалот продолжува да постои но менувајќи сè околу себе, дури и својата суштина – самиот општествено-политички и социјален амбиент е променет, а со тоа и улогата, замислата и атрибутите на МОТ во него. Во оваа палета не спаѓа само едно - зависноста од државата која тогаш и сега целосно го финансира фестивалот.

Македонскиот театролог Јелена Лужина вели дека денес МОТ не значи ништо. Според неа, одличен наслов е млад и отворен театар и тој би требало да биде токму тоа. „Ако е млад и отворен тогаш тој е алтернативен, а не е меинстрим. Но денес МОТ е токму тоа – меинс-

4// http://www.mactheatre.edu.mk/main/fest_mac_mot.html

трим. Тој треба да со смени или името или концептот, нешто не е во ред. И тогаш кога е правен е познат како алтернативен фестивал. На државата и импонирало да има таков еден фестивал и давала пари и вложувала во него", вели Лужина.

¶

Неговата улога во сегашната констелација е видоизменета (што е резултат на подолг процес и на есенцијални промени со самото општество, како што државата минувала од комунизам во транзициски капитализам), неговата функција ни од блиску не се познава а овој млад и отворен театар е претворен во ревија на најдобрите претстави.

¶

Претстави кои го „потресле" светот, кои предизвикале некаква сензација (колку и самата нејзина функција да е искарикирана денес. Програмата од минатата година е уште една потврда за тоа - на МОТ гостуваше претставата "Пансион Ф" на режисерот и актер Хубзи Крамер, работена според вистинската случка за монтруозниот татко Јозеф Фрицл) или пак претстави кои лесно се добиваат, на база на размена со колегите и на размена на проекти.[5]

¶

Дека на МОТ ќе го видиме светот и она што се случува таму е повеќе од јасно дека е илузија - често пати интернационалниот карактер важи на малку поширокиот регион. Целиот фестивал се претвора во излитена материја која опстојува на романтичарскиот и носталгичен дух на генерации посетители кои го граделе својот театарски вкус следејќи го овој фестивал. Тој во денешно време нема никаква „своја сопствена внатрешна есенција", продолжува да функционира на „стаклени нозе", колку да не се наруши неговиот тридецениски континуитет (страшна е и помислата дека може да прекине или "рикне" неговото функционирање) отколку да се обмисли неговата функција, улога и цел денес во нови, непознати за МОТ, услови.

¶

Иако некогаш креиран од потреба, овој фестивал сега не носи никакви новини за развој на заедницата, за поддршка на младите, за придобивање нова публика. Во последните неколку години, се вратија некои стари програми но се креираа и нови, како пазар на македонските претстави (Македонски отворен театар) кои ги гледаат странски продуценти, режисери, автори, но, сепак токму овие новини ја искривуваат и нарушуваат неговата основна концепција и фестивалот станува нешто друго, а ведрината и младешкиот дух се претворени во сенилност, отсуство на енергија и тело кое дише на апарати.

¶

¶

¶

СЛУЧАЈ #3: Егзит фестивал, Нови Сад, Србија и нему му сличниот краткотраеn и скоро обновен музички фестивал во Македонија: Аларм

¶

Фестивалот Егзит постои од 2000 година, и беше создаден како чин на револт против режимот на Слободан Милошевиќ, којшто години наназад ја држеше Србија изолирана од надворешниот свет. Тоа лето, илјадници млади луѓе од Нови Сад се собраа во камп-паркот покрај Дунав, кадешто се одржаа концерти, забави и уметнички перформанси. Исто така, дел од програмата беа и дискусиите кадешто младите добија можност да го искажат својот револт кон наметнатиот национализам, ксенофобија, цензура и репресија. Настанот траеше 100 дена, а неговата кулминација се случи на "Излези и гласај" забавата, којашто се одржа еден ден пред изборите на коишто Милошевиќ ја изгуби власта[6].

¶

Идејата на фестивалот на самиот почеток е креирање на независна Држава Егзит, којашто ќе ги промовира Европските вредности и ќе ја прикаже Србија како слободна зона- земја којашто ќе промовира други вредности (слобода на израз, излез од затвореност, инаквост...) и која може да гради простор - фестивал од овој ранг. Егзит (излез) дава простор за поинакво поимање на реалноста креирајќи своја реалност, со свој пасош и своја валута (бонови) со што симболично отвора простор на „слобода''.

¶

Но, низ годините се случува трансформација на првичните цели и заложби. Денес вредностите и симболите кои Егзит ги постави како свои императиви се далечни и речиси сосема исклучиви во однос на локалните контекст и публика. Фестивалот се трансформираше во прибежиште на западноевропските тинејџери коишто со својот

5// Оваа политика на размена на претстави- може да биде и позитивна доколку се формулира како концепт на колаборативно курирање, каде нема да се отстапи од главната идеја и концепт на фестивалот, како и на локалните потреби.

6// Сајтот на Егзит фестивал: http://eng.exitfest.org/index.php?option=com_content&task=view&id=553&Itemid=197

џепарлак можат да си го дозволат престојот таму, додека локалната и регионална публика е најчесто дистанцирана од овој настан заради сè поголемата разлика во нејзиниот економски стандард. На овој начин, тој сè повеќе се оддалечува од оној алтернативен, двигателен принцип кој го имаше во својата основачка замисла.

¶

Егзит фестивалот сега се формулира како „ултра- комерцијален'' музички настан, за којшто на секој посетител му е потребна влезница (не симболична, туку парична) во „слободната зона".

¶

Како дел од програмата секоја година се прикажуваат најкомерцијалните имиња од интернационалната музичка сцена и тој станува смотра на бендови-брендови.

¶

Во Македонија се пројави обид за креирање на ваков тип на фестивал, на изолирана локација којшто нуди поинаков концепт: промоција на здрав живот, поголема еколошка свест и хармонија со природата. Имено, станува збор за фестивалот „Аларм за природата", којшто се оддржува на Охридското Езеро. Сеуште не го достигнал обемот на Егзит, но некако приказната опстојува и оваа година ќе се реализира неговото второ издание.

¶

АЛАРМ ЗА ПРИРОДАТА 2010 вклучува работа на проекти, како од еколошка така и од областа на музиката и уметноста, што ќе придонесе за будење на чувството на поврзаност и меѓузависност помеѓу човекот и природата и за спроведување на здрав начин на живот во хармонија со природното окружување. АЛАРМ ЗА ПРИРОДАТА ги обединува силите на зелената армија, музиката и уметноста, образованието и студентските организации, науката и технологијата, архитектурата, владините и невладините организации, млади и стари, СИТЕ во заедничка акција за соочување и решавање на проблемите со животната средина. Тридневниот музички фестивал во природа, со можност за кампување, има за цел да ги извлече луѓето, пред сè младите, од сивилото на градскиот живот и да им ја врати љубовта и почитта кон природата[7].

¶

Аларм за природата е всушност комерцијален музички настан, за којшто се плаќа влезница. Во неговата програма тенденцијата е да се вклучат релевантни бендови и Диџеи од регионот, но и интернационални музички имиња. Покрај музичките содржини, претходно припишаната компонента на градење еколошка свест преку промовирање на поинаков начин на живот, најчесто за посетителите не е видлива, а резултатите од овие најавени акции не се проследени во јавноста.

¶

Што е заедничко за овие фестивали?

¶

Двата фестивали се стремат да создадат амбиент на бегство, нудат ескапизам, „продолжена младост", креираат средина која би требало да овозможи развој на идеи користејќи ги сите расположиви креативни алатки. Темите најчесто ги следат светските и европските трендови, па така преку нив се гради она што е во моментот актуелно, творат „мода на живот": соживот, мултиетничка соработка, еколошка свест, борба против трговија со луѓе итн.

¶

Тие се мета-настани од областа на културата, кои наметнуваат чувство дека трансформираат - креаирајќи простор во којшто "младите" го добиваат правото на глас и мислење. Ги поттикнуваат младите да се артикулираат, ангажираат, волонтираат за остварувањето на „генералното добро за сите". Инструментализирајќи ја културата и уметноста и „имунитетот" којшто тие го нудат, се формираат фестивали кадешто се симулираат вредностите на неолибералната матрица чија крајна цел е профитот.

¶

Од друга страна, сензационалноста којашто е понудена преку програмата овозможува голема посетеност којашто ја зголемува нивната видливост, препознатливост, а со тоа го обезбедува и нивниот понатамошен развој и опстој. "Сјајот" на финалните успеси за којшто читаме по завршувањето на овие фестивали, нè наведува да мислиме дека настаните од овој тип навистина го менуваат однесувањето на публиката, ја едуцираат и воедно ја забавуваат, ги зближуваат сцените и „разгорените непријатели", го смируваат „балканизмот", сугерирајќи го чувството на еднаквост: социјална-економска-политичка. Па така, на една сцена имаме македонски музичари и Диџеи коишто во љубов и хармонија соработуваат со нивните албански колеги од Скопје, Приштина, Тирана и Белград. Имаме албански бендови коишто пеат на својот мајчин јазик и сите во публиката гласно им ракоплескаат и се обидуваат да ја фатат мелодијата, на тој начин

7// Сајтот на Аларм фестивал: http://www.alarm.com.mk/zosto_alarm.html

надминувајќи ја јазичната бариера. Имаме публика којашто ревносно игра на музиката.

¶

Но тоа што најмогу паѓа во очи е онаа скриена семантика која најчесто се губи во еуфоричната атмосфера што овие фестивали ја креираат: темите што се зададени за разработка воопшто не соодветствуваат со зададените постулати и цели на самите фестивали. На крајот од приказната, овие фестивали се комерцијални настани креирани од комерцијални побуди, коишто само начелно ја претставуваат независната сцена, креираат и промовираат уметнички и културни вредности. Всушност, злоупотребувајќи ги вештините стекнати од работата во овој сектор тие површно и рутински креираат настан со содржина која е привидно различна и релевантна во однос на разни општествени и политички значења. Токму оваа вешто скриена тенденција нив ги разликува од уметничките фестивали чиешто место тие го заземаат.

¶

Двата примери, може и да се гледаат како слика на актуелната состојба и потреби во местата на коишто се случуваат. Тие се состојат од комбинацијата на потреби на организаторите за поголема заработувачка, потреба на финансиерите за поголема промоција, и потреба на публиката за настан којшто „забавува“, којашто во состојба на сиромаштија и немање можност да излезе подалеку од својата држава, ги организира своите време и интерес околу достапните понуди.

*оваа Класификација на фестивали настана низ процесот на колективно пишување, во кое учествуваа членовите на работната група Термини, во рамки на проектот Расшколувано знаење (o^o): Ивана Васева, Елена Велјановска и Биљана Тануровска-Ќулавковски, со консултација во Ана Вујановиќ и Искра Гешоска.
Скопје, пролет/лето, 2010.